По повод празникот **11-ти Октомври**

Музејот на град Скопје
Ве поканува на отворањето на изложбата на

**БОРКО ЛАЗЕСКИ**
**КАРТОНИ ЗА "ФРЕСКАТА ЗА НОБ"**
**1952-1956**

Вторник, 12 октомври 2004. во 20. 30 часот,
Музеј на град Скопје

---

On the occasion of the **11th October** National Holiday

Museum of the City of Skopje
Kindly invites you to attend the oppening of the exhibition of

**BORKO LAZESKI**
**CARTOONS FOR**
**"THE NATIONAL LIBERATION WAR FRESCO"**
**1952 - 1956**

Tuesday, October 12. 2004, at 8.30 p.m.,

Museum of the City of Skopje





# БОРКО ЛАЗЕСКИ

## КАРТОНИ ЗА "ФРЕСКАТА ЗА НОБ"

## 1952-1956

Револуцијата и уметноста, како две вечни категории што се во единство, водат постојано кон нови достигнувања, при што напредните движења и вредности се надоврзуваат врз остварувањата од минатото, отворајќи нов простор за натамошно хуманизирање на човековата личност.
Ликовниот уметник се јавува како творец на дела коишто подоцна ќе послужат како изворен творечки документ за величината на борбата, за страдањата, за хероизмот, за самопрегорот и за неизмерната љубов кон светлината и слободата.
НОВ и Револуцијата како тематска преокупација завземаат видно место во творештвото на Борко Лазески; тоа е негов личен однос кон историјата на македонскиот народ кој поминува низ макотрпни патишта во потрагата по светлината и правдата, слободата и подобрата иднина на човекот.
Прославувајќи го 11-ти Октомври, денот на вооруженото востание на македонскиот народ, не можеме а да не се потсетиме дека во овој празник се вткаени сите борби и востанија на овој народ низ вековите, дека 11-ти Октомври е сопственост на целиот народ затоа што на тој ден се запали факелот кој му го осветли патот на македонскиот народ и му донесе сопствена држава.
Изложбата на картони од фреската за НОВ и Револуцијата на академскиот сликар Борко Лазески е потсетување за ликовното творештво на овој наш значаен втемелувач на модернизмот во современата македонска ликовна уметност, но и потсетување кон нашето богато и значајно историско минато.

*Климе Коробар*
*директор*
*Музеј на град Скопје*

Борко Лазески (Прилеп, 1917 - Скопје, 1993) е академски сликар, монументалист. Од 1933. е ученик во Уметничката школа во Белград (СЦГ). Од средината на триесеттите години е близок на групата "Живот". Од 1939. до 1941. студира на Ликовната академија во Белград. Студиите ги продолжува во Државната ликовна академија во Софија (Бугарија) каде што и дипломира. Во НОВ учествува од 1944. Во Париз (Франција), меѓу 1945. и 1948. на L`ecole Nationale Superieure des Beaux-Arts специјализира фреско и мозаик техника, а пак современо сликарство кај Андре Лот. Предава на Уметничката школа во Скопје. Изведува повеќе монументални дела. Во 1953. заедно со други уметници ја формира групата "Денес". Од 1959. до 1967. предава на Академијата за ликовна уметност во Багдад (Ирак). По враќањето реализира поголем број монументални дела во земјата и странство. Имал поголем број самостојни изложби во: Багдад (1962, 1966, 1967), Охрид (1969), Скопје (1979/80, 1993, 2004), Прилеп (1981, 1991), Кавадарци (1982), Сиудад де Мексико (1983) и Пуебло, Мексико (1984).

АСНОМ

Министерство за култура
Ministry of Culture

Изложбата и каталогот се реализирани
со подршка на Министерството за култура на Република Македонија

Издавач: Музеј на град Скопје / Одговорен уредник: Климе Коробар / Организација на изложбата: Лазо Плавевски / Текст: Климе Коробар, Лазо Плавевски / Фотографии: Станимир Неделковски / Дигитална обработка и формирање на фрагментите: Веселин Стефановски / Дизајн: Ладислав Цветковски / Подготовка и печат: Скенпоинт / Тираж: 1000
Музеј на град Скопје, октомври 2004



"Фреската за НОБ", монументалното ликовно дело на Борко Лазески има интересна историја и значење за современата македонска ликовна уметност. Откриена е во октомври 1956 година во холот на (сега) старата Железничка станица и за време на нејзиниот релативно краток период на комуникација со публиката, уништена е во катастрофалниот скопски земјотрес во 1963 година, успева да оствари силен печат во свеста на жителите на градот во кој била поставена. Имала импресивни димензии (5 X 45 м., односно 225 м2) и за голем број на минувачи била единствена можност за комуникација со современите текови на ликовната уметност. Но, оваа димензија од нејзиното егзистирање со публиката не ја исцрпува нејзината вредносна структура и значењето во контекстот на превирањата на ликовната сцена во Македонија во педесеттите години. Работена е во логиката на посткубизмот од Лотовски тип со одредени влијанија на експресионизмот, а самиот проект е значаен напор за пробив на модернистичките тенденции и светогледи во нашата средина. Освен спомenатите особености фреската е значајна и со уште два елементи - таа е работена во периодот на реалниот врв на креативната сила на авторот и во одредена смисла претставува одредена синтеза на неговите ликовни истражувања и, во општествена сфера, поради наративните и стилските специфичност, но и со свесната намера за општествената функција на уметноста ова дело ќе влезе во мапата на колективната свест како дел од "... процесите на обликување на т.н. света топологија, односно во процесите на симболизација на општествениот простор ... " (Б. Иванов).

Од "Фреската за НОБ" останати се поголем број црно бели и колор фотографии со невоедначен квалитет, разновиден лабораториски материјал создаден во текот на подготовките (скици, цртежи, темпери ...), потоа нејзина реплика (во поинакви димензии) реализирана од Лазески во Домот на културата "Марко Цепенков" во Прилеп (1990/91.) и картоните (цртежите) за неа работени во размер 1 : 1 од периодот 1952 - 1956.
Особено интересни и вредни се последните. Нив веројатно најпрецизно ги одредуваме со терминот картони. Создадени се за да бидат проектна матрица за фреската, размерот е 1 : 1, а на површината од поголем број на ленти постојано се наидува на различни забелешки од авторот кои требале да му послужат како ориентир во текот на натамошната работа. Често се појавува и мрежата од квадрати во различни димензии. Дел од делата се работени во темпера, а дел се цртежи со графитен молив. Не само поради поводот од актуелната изложба, спомenатите картони поседуваат релевантни вредности значајни за нашата историја на уметност. Некој од нив Лазески ги изложувал на групни изложби како самостојни ликовни дела уште во фазата кога интензивно се подготвувал за нејзината реализација. Тие, пред сѐ, се самостојни ликовни остварувања кои пленат со снагата на авторскиот израз од периодот кога тој бил во својот зенит. Слободата и непосредноста на потегот и особено виталистичкото освојување на големата површина ги издвојува овие дела како многу редок пример во современата уметничка практика. Во нив се обединети два важни принципи на цртежот - непосредноста на изразот и проективната димензија на самата техника.

За жал, материјалот на кој се работени (хартија) е многу неотпорен на последиците од "забот на времето". По повод една претходна изложба во Музејот на град Скопје во 1993 година кога тие (односно еден нивен дел) беа изложени во просторот каде што порано постоела "Фреската за НОБ" веќе беше одбележено нивното значење и нивната состојба, односно потребата од нивно конзервирање. Како материјал (кој во моментов го поседува Музејот на град Скопје; дел од картоните се во депото во Музејот на современата уметност, Скопје) тие егзистираат како 20 ролни од хартија на чија горна и долна страна Лазески монтирал дрвени лајсни. Со текот на времето многу од нив се скинати, лепакот од опачината на листовите пробил на површината, а на голем дел од лентите се гледаат видливи траги од влага.
Чуствувајќи пиетет и обврска кон делото на Лазески неговата фамилија реши овие дела да ги подари на Музејот на град Скопје со цел тие да добијат посоодветни услови во чувањето и соодветен конзерваторски третман.



Примени се следните дела:

**ОКУПАТОР**, 1952 - 1956
темпера на хартија, 3 X (500 X 167)
без сигнатура
Сите три ленти на горниот и долниот дел имаат дрвени лајсни.
Деловите од хартија на опачината се залепени со широки лепливи ленти.
По површината на целото дело постојат ракописни забелешки од авторот за интензитетот на бојата која треба да ја примени во сликањето на идната фреска.
На опачината на листот од секоја лента авторот ги ставил бројките 1, 2 и 3 и го именувал делото - "Окупатор".
Состојба:
**Лента 1** - оштетена (скината) по целата должина од десната страна.
**Лента 2** - оштетување на десната страна на средина и по целата десна страна има траги од влага.
**Лента 3** - на средниот дел се гледаат видни оштетувања предизвикани од спојувањето на хартијата и поголеми оштетувања во долниот дел од десната страна.
На сите ленти е формирана долгогодишна патина од прашина.

**СТРЕЛАНИ**, 1952 - 1956
темпера на хартија, (делото е работено на две ленти со различни димензии) - лента 1 (487,5 X 167), лента 2 (500 X 167),
без сигнатура
Двете ленти на горниот и долниот дел имаат дрвени лајсни.
Деловите од хартија на опачината се залепени со широки лепливи ленти.
По површината на целото дело постојат ракописни забелешки од авторот за интензитетот на бојата која треба да ја примени во сликањето на идната фреска.
На опачината на листот од секоја лента авторот ги ставил бројките 4 и 5. и го именувал делото - "Стрелани".
Состојба:
**Лента 1** - има помали оштетувања на горниот дел и по ивицата на десната страна.
**Лента 2** - поголеми оштетувања по средината и дамки предизвикани од влага во долниот дел





На сите ленти е формирана долгогодишна патина од прашина.

**ДРВО**, 1952 - 1956
темпера н хартија, 2 x (500 X 167)
без сигнатура
Двете ленти на горниот и долниот дел имаат дрвени лајсни.
Деловите од хартија на опачината се залепени со широки лепливи ленти.
По површината на целото дело постојат ракописни забелешки од авторот за интензитетот на бојата која треба да ја примени во сликањето на идната фреска.
На опачината на листот од секоја лента авторот ги ставил бројките 6 и 7.
и го именувал делото - "Дрво".
Состојба:
**Лента 1** - оштетувања на горниот и долниот дел
**Лента 2** - поголеми оштетувања во горната третина на лентата предизвикани од лепењето на хартијата
На сите ленти е формирана долгогодишна патина од прашина.

**НАШИ БОРЦИ**, 1952 - 1956
графит на хартија, 3 x (500 X 167)
сигн. на третата лента д. ср.: Борко Лазески
Сите три ленти на горниот и долниот дел имаат дрвени лајсни.
Деловите од хартија на опачината се залепени со широки лепливи ленти.
На опачината на листот од секоја лента авторот ги ставил бројките 8, 9 и 10 и го именувал делото - "Наши борци".
Состојба:
**Лента 1** - оштетена на горната десна страна; влага на целиот раб од десната страна и во делови се гледа лепакот кој пробил од опачината на листот.
**Лента 2** - помали оштетувања во горниот дел на левата страна; траги од влага на двата вертикални раба и видни пробивања на лепакот од опачината на листот.
**Лента 3** - траги од влага по вертикалните рабови и на повеќе места пробивање на лепакот од опачината на листот.
На сите ленти е формирана долгогодишна патина од прашина.

**БОРБА**, 1952 - 1956
графит на хартија, 3 x (500 X 168)
без сигнатура
Сите три ленти на горниот и долниот дел имаат дрвени лајсни.
Деловите од хартија на опачината се залепени со широки лепливи ленти.
По површината на делото постојат ракописни забелешки од авторот.
На опачината на листот од секоја лента авторот ги ставил бројките 11, 12 и 13 и го именувал делото - "Борба".
Состојба:
**Лента 1** - мали оштетувања и пробивање на лепакот од опачината на листот по сите негови рабови и вертикални траги од влага по средината.
**Лента 2** - пробивање на лепакот од опачината по сите рабови и видливи траги од влага по вертикалните рабови.
**Лента 3** - помали оштетувања по сите рабови; пробивање на лепакот од опачината по вертикалните рабови и траги од влага на десната вертикала.
На сите ленти е формирана долгогодишна патина од прашина.

**РАНЕТИ**, 1952 - 1956
графит на хартија, 3 x (500 X 167)
без сигнатура
Сите три ленти на горниот и долниот дел имаат дрвени лајсни.
Деловите од хартија на опачината се залепени со широки лепливи ленти.
На опачината на листот од секоја лента авторот ги ставил бројките 14, 15 и 16 и го именувал делото - "Ранети".
Состојба:
**Лента 1** - пробивање на лепакот од опачината по вертикалните рабови и видливи траги од влага на левата страна.
**Лента 2** - мали оштетувања на левата страна; пробивање на лепакот од опачината на повејќе места и видливи траги од влага на левата вертикала.
**Лента 3** - оштетување на горниот десен агол; пробивање на лепакот од опачината на повејќе места и видливи траги од влага по десниот раб.
На сите ленти е формирана долгогодишна патина од прашина.

**ПОБЕДА**, 1952 - 1956
графит на хартија, 3 x (500 X 168)
без сигнатура
Сите три ленти на горниот и долниот дел имаат дрвени лајсни.
Деловите од хартија на опачината се залепени со широки лепливи ленти.
На опачината на листот од секоја лента авторот ги ставил бројките 17, 18 и 19 и го именувал делото - "Победа".
Состојба:
**Лента 1** - големи оштетувања на левиот вертикален раб и во средината на лентата; видливи траги од влага по по двата вертикални рабови.
**Лента 2** - големи оштетувања по левиот вертикален раб и видливи траги од влага по двете вертикали.
**Лента 3** - помали оштетувања во горниот и во долниот вертикален раб; пробивање на лепакот од опачината на десната страна и видливи траги од влага по целата лева вертикала.
На сите ленти е формирана долгогодишна патина од прашина.

**ОКУПАТОР** (фрагмент), 1952 - 1956
графит на хартија, 570 X 168
без сигнатура
Лентата е фрагмент од картонот "Окупатор", а другите делови се загубени.
Деловите од хартија на опачината се залепени со широки лепливи ленти.
По површината на делото постојат ракописни забелешки од авторот.
Состојба:
Видливи оштетувања во долната третина и поткинат мал дел кон средината; пробивање на лепакот од опачината на десниот вертикален раб и видливи траги од влага во центарот.
На лентата е формирана долгогодишна патина од прашина.

За потребите на оваа изложба, како и за документацијата на Музејот на град Скопје, поради големите димензии на лентите тие беа дигитално снимени во фрагменти со кои подоцна беше формиран нивниот целосен изглед.

*Лазо Плавевски*

